ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МАЈ* 2010**

**ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ**

**И СОСТОЈБАТА СО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО**

Во месечниот извештај за мај 2010 г. за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, ТМ сака да предупреди за следните случаи:

**Што крие Буџетот на РМ**

**1.** Политиката на Владата на РМ во кредитирањето на растечкиот буџетски дефицит постојано да ја избегнува поволната понуда од ММФ отвора основани сомнежи дека во Буџетот на РМ постојат трошковни ставки што треба да бидат подалеку од очите на јавноста и на експертите на ММФ. Владата одлучи да емитува евро обврзница со пет пати повисока каматна стапка од кредитите кои ги нуди ММФ, а кои се со каматна стапка од максимум 2%. Очевидно е дека свесно се оди кон избегнување на увидот на ММФ во трошењето на јавните пари, дури и по цена на големи штети по буџетот на државата. *Транспарентност Македонија* смета дека официјалното објаснување на премиерот Никола Груевски, дека аранжманот со ММФ ќе го наруши рејтингот на државата е неиздржано и несериозно, бидејќи рејтингот на државата е драстично намален, што директно се рефлектира врз каматната стапка на евро обврзницата којашто се очекува да биде висока, веројатно двоцифрена. За земјите со добар рејтинг таа е под нивото од 5%. Од друга страна, ТМ смета дека токму аранжманот со ММФ ќе го зголеми рејтингот на државата, бидејќи ММФ ќе има контрола врз спроведувањето на буџетската политика и рационалното трошење на буџетските средства.

---

* *Транспарентност - Македонија* (ТМ) објавува редовни месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата со транспарентноста во македонското општество, во обласа на работењето на државните органи и другите општествени и политички институции во РМ. Преку извештаите ТМ укажува и предупредува на неправилности и непочитување на процедурите и добрите практики во спроведувањето на јавните политики и трошењето на јавните пари. Намерата е актерите во македонската политика, како и граѓаните, овие забелешки да ги сфатат конструктивно, како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во РМ во областа на транспарентноста на општеството и борбата против криминалот и корупцијата. Месечните извештаи се финансирани од страна на ФИООМ (Фондација Институт отворено општество- Македонија).

Оттука, јасно е дека Владата го избегнува ММФ не за да го зголеми рејтингот на државата, како што тврди премиерот, туку да ја избегне контролата што би ја имал ММФ врз трошењето на буџетските средства.

Ако на ова се надоврзе и фактот што ревизорскиот извештај за завршната сметка на буџетот нема да се разгледува на седница на Собранието на РМ, тогаш е јасно дека нешто во буџетот се крие, а се крие само доколку е незаконско и има елементи на корупција и криминал. **Транспарентност Македонија отворено ги прашува Владата на РМ и Министерството за финансии дали во Буџетот на РМ има ненаменско и незаконско трошење на буџетски средства и зошто од јавноста се крие како се трошат буџетските средства? ТМ ги повикува Владата на РМ и Министерството за финансии веднаш да ги преиспитаат одлуките за тоа каде и под кои услови ќе се задолжува државата, бидејќи пристапот на Владата повеќе наликува на хазард со висок ризик кој, на крајот, го плаќаат граѓаните.**

**Судир на интереси**

**2.** Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи дека во случајот на вработувањето на синот на **г. Чедомир Краљевски**, актуелен претседател на Комисијата за заштита на конкуренцијата, не постои судир на интереси. ТМ смета дека ваквата одлука на ДКСК е во спротивност со одредбите на Законот за спречување на судир на интереси бидејќи, согласно овој Закон, судир помеѓу приватниот и јавниот интерес постои кога со вршењето на службено или друго дејствие директно или индиректно се влијае врз материјалните или нематеријалните интереси на службеното лице или врз членовите на неговото семејство.

Доколку ваквата дефиниција ја соочиме со фактичката состојба во случајот "Краљевски", станува повеќе од очигледно дека се работи за класичен судир на интереси. Имено, едно од најзначајните подрачја кои спаѓаат во надлежноста на Комисијата за заштита на конкуренцијата е телекомуникациската дејност, каде компанијата Македонски Телеком АД Скопје е главниот фактор на пазарот. Во такви околности, вработувањето на синот на претседателот на оваа Комисија во Македонски Телеком не само што е очигледен судир на интереси, туку преставува и своевиден скандал. Ваквото вработување остава простор да се толкува или како благодарност за третманот во изминатиот период, или, пак, како влог во иднината и очекување за адекватна благонаклоност на Комисијата кон оваа компанија.

**ТМ смета дека изнесената аргументација на ДКСК, во смисла дека при ова вработување Македонски Телеком ги спазил своите интерни процедури, е неосновано покритие за донесената одлука. ДКСК, како надлежно тело за спроведување на Законот за спречување на судир на интереси, е должна доследно да го примени овој Закон, односно да го констатира конфликтот на интереси кај директорот на Комисијата за**

**заштита на конкуренцијата и да предложи мерки за надминување на оваа состојба.**

**3.** Транспарентност Македонија во изминативе три години редовно укажува на бројни случаи на судир на интереси и неспоивост на функциите кога именувани или избрани функционери членуваат во по неколку УО на јавни претпријатија и установи, што е спротивно на Законот за спречување на судир на интереси. Така, уште во 2007 г. ТМ, како особено драстичен пример на неспоива и противзаконска акумулација на функциите, го посочи случајот со **г. Владимир Здравев**, директор на ЈП МЕПСО, а во исто време и претседател на Советот на општина Центар. Оваа незаконска политика ја следеа и пратениците на владејачките партии и други државни службеници. Уште тогаш ставот на ДКСК дека, наводно, се работи за "комплексни случаи" беше неприфатлив, а заради што и отсуствуваше постапка од страна на Комисијата.

**ТМ сака да ја поздрави последната одлука донесена од страна на ДКСК со која е изречена мерка Јавна опомена кај лицата кои вршат две функции истовремено, во случаите на г-ѓа Маја Митрова-Стевановиќ, г. Атила Реџепи и г. Владимир Здравев**.

**Случај "Рудник Саса"**

**4.** По мега скандалот „Сведмилк“ и фамозниот **Моше Баум**, сега на ред дојде и скандалот „Рудник Саса“. Во РМ станува пракса сомнителни странски инвеститори да дојдат, да ги „опљачкаат“ македонските граѓани, да направат штета на државата и да си заминат, без, притоа, да има какви било последици по нив. ТМ прашува дали е сето тоа можно без поддршка од страна на функционери во Република Македонија, со оглед дека ваквите случаи остануваат без правна завршница? Во случајот „Сведмилк“ имаше инволвираност на македонски функционери, но никој од нив не беше повикан на одговорност. ТМ се сомнева дека за наводното перење на 150 милиони долари во случајот „Рудник Саса“ сомневањата нема да се ограничат само на руските газди и потесното раководство на рудникот, туку дека опфатот ќе биде поширок и македонската јавност нема да биде изненадена доколку и во оваа афера се појави името на некој државен функционер, согласно праксата за водење на овдешната политика.

**ТМ ги повикува сите надлежни институции, што побрзо да го расветлат овој случај и доколку сомневањата за нелегални активности, поврзани со перење пари, се точни, вмешаните да сносат одговорност.**

**Високо образование**

**5.** Нарушувањето на автономијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ јасно се гледа преку бројните упади што Владата на РМ ги прави преку министерот за образование. Последното рушење на финансиската автономија се согледува низ фактот што Владата на РМ донесе Одлука не само за бројот на студенти на факултетите во состав на УКИМ како што е утврдено со Законот за високото образование, туку во таа Одлука ги определи, односно ги намали

цените за кофинансирање на студирањето и ги изедначи за сите факултети, без оглед на потребите на наставата по одделни струки. Притоа, без никакво чувство на одговорност, министерот за образование признава дека државата ниту има, ниту во иднина планира да обезбеди средства со кои на факултетите ќе им ја надомести загубата на финансиски средства, што неминовно ќе доведе до намалување на квалитетот на наставата – последици на вулгарниот образовен популизам практикуван од Владата на РМ.

**ТМ прашува: дали Владата свесно планира да го урне УКИМ преку кратење на неговите финансии на секој можен начин, со одземање на јавните овластувања и можностите за вршење апликативни дејности на техничките факултети и со намалување на средствата за кофинансирање на општествените науки? Дали ова сценарио, слично на растурањето на Клинички центар во Скопје, планира растурање и на најголемиот и најстар универзитетски центар во државава, со цел и јавното образование, слично на јавното здравство, да бидат уништени и заменети со приватниот сектор? Дали државата, како основач на УКИМ, ќе ги надомести со децении неплатените долгови кон УКИМ за струја, телефон, вода и сите други комуналии; разликата во средствата за партиципација на студентите и цената на чинење на наставата; реалните патни трошоци за одржување настава во непотребно измислените диспензирани центри; цената на новите капитални инвестиции на факултетите; цената за најсовремените информатички системи и услови за студирање што повеќето факултети на УКИМ им ги нудат во моментов на своите студенти и сл.? Или оваа Влада и понатаму противзаконито ќе ги крати финансиите на УКИМ прелевајќи ги средствата за новите универзитети основани од неа? Впрочем, може ли Владата јасно да одговори на прашањето зошто реформите во образованието што ги спроведува треба да значат растурање на скопскиот УКИМ?**

Јуни 2010


**Транспарентност Македонија**

**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје Република Македонија**

**тел./факс: 02/ 31 21 100**

www.transparentnost-mk.org.mk